**КРСТО ЛАЗАРОВ**

*Спомените на Крсто Лазаров – Коњушки (1881/2-1945), пишувани во 1933 година во Софија, се животна исповед на неговата комитска активност во кумановскиот реон до 1930 година.*

*Вклучувајќи се во македонското ослободително движење на 18-годишна возраст, Крсто Лазаров ќе стане кумановски околиски војвода, а по Првата светска војна и член на потесното раководство на Внатрешната македонска револуционерна организација (ВМРО). Учествувал како делегат на трите последни конгреси на ВМРО: на VI-от во 1925 година бил избран за член на Воената комисија, на VII-от во 1928 година бил во Работното претседателство, а на VIII-от во 1932 година бил избран за привремен претседател на конгресот. За време на Втората светска војна се вратил во Куманово и се ставил во услуга на бугарската окупаторска власт, за што во јануари 1945 година бил стрелан од македонските државни органи.*

*Како непосреден учесник и еден од поистакнатите војводи на ВМРО, Крсто Лазаров во своите спомени дава автентични сведоштва за позначајните настани од историјата на Македонија и на македонското ослободително движење, како што се: Џумајското и Илинденското востание, Младотурската револуција, Балканските војни, Првата светска војна и меѓувоениот период. Преку борбите што ги водел со турските и со српските пропагандни чети, како и со воените и полициските сили на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците (по Првата светска војна до 1930), авторот на извесен начин детализира, расветлува и дополнува некои одделни, досега недоволно познати моменти од овие бурни настани од историјата на македонското ослободително движење. Сите овие процеси и појави авторот ги дава, пред сѐ, преку призмата на своите погледи и сфаќања, растоварен од високата „политика“ и од задкулисните борби што се воделе во раководството на Организацијата, на која тој верно ѝ служел сѐ до својата смрт.*

*Спомените на Крсто Лазаров-Коњушки, исто како и досега објавените спомени на македонските дејци и револуционери, се еден вид автобиографија на неговите подвизи, исправени пред ризикот за сопствениот живот, водени од еден слободарски идеал. За него, како што вели самиот на едно место во спомените, „не беше важно со кого ќе заминам во Македонија. Немав претстава за борбите што се водеа помеѓу централистите и врховистите За мене беше важно да заминам за Македонија“. Ова, на*

*некој начин, беше револуционерно-филозофската определба на секој млад македонски четник што безрезервно ѝ се предавал на Организацијата.*

***Спомените на Крсто Лазаров ги запишал Бојан Мирчев во 1931 година. Денес тие се наоѓаат во Централниот државен архив во Софија, Р Бугарија[1], пишувани на машина на бугарски јазик, а изнесуваат вкупно 43 страници. Поголемиот дел од неговите спомени ги објавив во магазинот „Збор“.[2]***

---

[1] Централен държавен архив, София, Фонд 1932 – Национално освободителни организации на македонските българи след Берлинския договор 1878, оп. 1, а.е. 130, л. 1-43.

[2] „Крсто Лазаров – Спомени“, „Збор“,Скопје, 15. XII 1996 – 1. VI 1997 (фељтон во пет продолженија).

# СПОМЕНИ

Спомените на Крсто Лазаров Иванов – долгогодишен кумановски војвода, се стенографирани. Првата моја средба со него беше на 18 септември 1931 година. Јас ги искористив неговите краткотрајни престои во Софија и успеав во текот на неколку средби целосно да ги стенографирам неговите спомени. Крсто Лазаров посака, откако јас ќе ги дешифрирам стенограмите, да му ги прочитам. Тој тоа го посака за да може самиот да се проконтролира дали за време на раскажувањето не пропуштил нешто. И навистина, при новите средби Крсто направи некои дополнувања, а исто така исправи и некои направени грешки од него. Спомените во завршен вид беа привршени одвај кон средината на 1933 година.

Софија, 4 август 1952 г. Б. Мирчев

## *Револуционерната дејност во Кумановско*

Роден сум во 1881-2 г. во село Коњух, Кумановско, сега Кратовска околија. Татко ми се викаше Лазар Иванов и се занимаваше со земјоделие. Мајка ми се викаше Таска (Анастасија). Селото Коњух е мало село чифлигарско, со околу 40 куќи. Јас сум се родил по смртта на татко ми, кој починал од природна смрт. Одгледан сум од брат ми Дојчин. Бевме четворица браќа. До 8-9 годишна возраст бев во селото, а потоа, бидејќи требаше да се плаќаат даноци, се преселивме во Куманово. Една вечер натоваривме на една кола тоа што можевме и избегавме во градот; целиот недвижен имот го оставивме. Имавме долг од околу 50 наполеони на бегот и тој ни го прибра целиот добиток. Покуќнината и другото што не успеавме да го однесеме при бегството го собрал бегот заради долгот. Мајка ми со двајца од нас се прибра во Куманово. Едниот од браќата беше во Бугарија, а најстариот брат се пресели на друго место. Во Куманово чиракував по крчми, потоа кај еден кројач. Тоа траеше неколку месеци, но занаетот не го научив.

Наскоро дојде Виничката афера. Во Куманово живеевме со Ангел (Геле) П. Арсов Малински, кој беше војвода. Тој беше родум од селото Малино, Кумановско[3]. Негов татко беше поп Арсо. Колку што знам, тој бил комита уште во 1895 г., навидум земал учество при нападот на Мелник со Сарафов, уште пред Виничката афера, па откако таа беше провалена, Турците го побараа и него. Порано тој бил пајтонџија на скопскиот владика. Со него во Куманово живеевме во една куќа. Кај него се криеше еден негов пријател, по име Хаџи Михаил, од град Струмица. Како што реков, живеевме заедно и честопати гледав како се носеше кај нив оружје. Тогаш многу ретко можеше да се види такво нешто и тоа ми оставаше голем впечаток. Ќе донесеа 5-6 револвери и ни ги предаваа за да ги криеме, но тоа, се разбира, стана подоцна, кога нè запознаа, а и млади бевме, сè уште деца, така што беше нормално да се чуваат од нас. Пред нас зборуваа сè против Турците, што мене многу ми се допаѓаше. Откако се уверија дека јас нема да издадам ништо и дека оружјето ми оставаше голем впечаток, почнаа да ми се доверуваат. Ми кажаа: сето тоа е за Турците, ќе правиме нешто. Започнаа да ми доверуваат револвери, кои јас требаше да ги однесам на определени места. Ги ставав во појасот и одев во чаршијата, каде што ги продавав на некои од еснафлиите: Иван Бучински, Анто Илиев, Стојче Павлев, сè еснаф луѓе. Тогаш јас немав никаква претстава за Организацијата.

Не помина долго време, околу две години откако се преселивме во Куманово, се откри Виничката афера. Таа беше почната во Виница, Кочанско, и се ширеше по другите околии, така секој што беше замешан наоѓаше спас во бегство. Аферата наближи накај Куманово и една вечер Ангел, заедно со Хаџи Михаил, избегаа. Аферата стана достоинство за сите, започнаа да се шират гласови дека Турците откриле нешто и дека сите замешани лица се барани со списоци. Во Куманово ги донесоа заробените паланчани. Започнаа да се прават претреси и во Куманово, и бидејќи Турците ништо не можеа да откријат, многумина по селата беа тепани. Аферата не напредуваше брзо. Во Куманово кон апсења се пристапи дури 15-20 дена по откривањето на аферата. Ако и имало нешто за сокривање, или било тргнато со време, или пак било добро сокриено. Имаше апсења, но мене не ме уапсија. После тоа ги ослободија уапсените, но наскоро пак се прошири дека Турците повторно се подготвувале да започнат со

[3] Денес Светиниколско.